Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) Градоначалникот на општина Богданци на ден 21.12. 2017г. донесе:

# О Д Л У К А

**За неспроведување на стратегиска оцена на влијанието на животната средина за проектот за инфраструктура за изградба на ветерни електани, пристапен пат, далековод и трафостаница, општина Богданци**

1. За проектот за инфраструктура за изградба на ветерни електани, пристапен пат, далековод и трафостаница, општина Богданци, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на web страната на општина Богданци на следната адреса www.bogdanci.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на Формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на проектот за инфаструктура за изградба на Ветерен Парк ,, ЕУРОИНГ", с.Стојаково општина Богданци, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: не постои прекугранична природа на влијанија, нема ризици по здравјето на луѓето или животната средина и просторниот обем на влијанија врз животната средина е мал. Согласно член 28 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ,бр.199/14....163/16), стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува при донесување на ГУП, урбанистички план на село, урбанистички план за вон село, локална и државна урбанистичка-планска документација, додека проектот за инфраструктура не е наведен во истиот.
4. Против оваа Одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на web страната.

Број 11- 139/10
21. 12 2017г.
Богданци

**Градоначалник на**
**општина Богданци**
**Блаже Шапов**